# ДОНЕ
# DONE

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ — СКОПЈЕ ДОНЕ МИЛЈАНОВСКИ

MUSEUM OF CONTEMPORARY ART — SKOPJE DONE MILJANOVSKI

18. XI — 6. XII 1982



Во текот на својата, не така долга, ликовна активност, Доне Миљановски пројави творечко љубопитство за повеќе ликовни дисциплини: таписеријата, сликарството, графиката и цртежот. Во 1972 година на изложбата на младата генерација во Музејот на современата уметност Скопје, го запознаваме како сликар. Меѓутоа во годините што потоа се нижеа, како негова основна предилекција се искристализира таписеријата. Со мошне професионалниот однос кон оваа област, учествувајќи на повеќе значајни групни и самостојни изложби, тој се изгради во еден од нашите највпечатливи таписеристи. Втората љубов на авторот, која не зазема никакви антагонистички позиции vis à vis првата, туку напротив, сфаќана е и сфатена како интегрално дејствување, е цртежот. На последниот континуирано и паралелно е работено во сите споменати ликовни области, во кои Миљановски творечки активно е „вмешан". Може дури да се каже (со мала веројатност да бидеме во заблуда), дека цртежот е антиципација и на неговите реализации во таписеријата, сликарството и графиката. Во сферите на цртежот се раѓаат зачетоците на ликовната идеја, што потоа се материјализираат како слика, таписерија или графика.

Меѓутоа, на оваа изложба, станува сосема јасно дека не комуницираме со скици, планови или предлози за некакви идни поконзистентни ликовно-естетски реализации (иако меѓу нив можеби ќе има и некои преминувања во друг ликовен род). Напротив, поканети сме на активна визуелно-мисловна средба со крајно осамостоени, и со сосема автономна визуелна егзистенција, ликовни продукти. Со оваа постапка Миљановски се вклучува директно во ликовната пракса на современоста, во која во последниве две децении цртежот се негува со особен пиетет.

Авторот тргнува од сознанието дека трагите на моливот или тушот врз хартијата се рамноправни или идентични со односот на потката и конецот во таписеријата или на маслото и платното во сликата. Само со вакво изедначување на ликовните средства, односно само преку усредоточување врз ликовната вистина што треба да ја изрази и начинот на кој таа ќе биде соопштена е можно да се дојде до цртежот како целосно уметничко дело, што ги содржи и зрачи ликовно-естетските достоинства. Откако заклучивме дека овие творби без остаток ѝ припаѓаат на една дисциплина, што после времињата на заборав доживува ренесанса, да видиме кои идејни поттикнувачи стојат зад ова тесно сојузништво меѓу моливот и хартијата. Миљановски љубопитно ѕирка и едновремено пробива и во микро и во макро структурите на светот сфатен како ентитет. Меѓутоа, тој не се задоволува само со бележење на некакви надворешни, визуелни појавности. Напротив, интересот го концентрира врз внатрешните превирања на животот, земен во најширока смисла. Неговиот свет наликува на своевидни геолошко-биолошки трансформации, на некоја пра, пра егзистенција, кога се формирала морфологијата на земјината кора, кога се раѓале првите живи суштества. Оттаму, тие остатоци од школки и полжави, тие нерватури на органската материја (фосили на скелети и реликти од биолошко потекло), тие линеаризми на земјините сегменти врз неорганската материја (минерали, камења, магма), од таму таа фина калиграфија на воздушните, водените, космичките и сл. бранови. Пред нас се реминисценции на древните револуции во вселенскиот простор, кога од суровата праматерија, постепено се обликувале безгранични по форма, состав и изглед организми. Овие сеќавања како да се иницирани на морските брегови, во часовите на релаксација, во миговите на концентрираната загледаност во водената шир, постојано неспокојна, раздвижена и активна, исфрлајќи ги спокојно на површината или на брегот остатоците од некое дамнешно живеење.

Сеопштите метаморфози што ни ги предлага Миљановски се одвиваат по нему својствени законитости, законитости што тргнуваат од елементите на реалноста, на фактичната вистина, но се развиваат и конечно се формираат според некакви негови творечки принципи на ликовно постоење.

Астрално-геоморфните пејзажи на Миљановски, со арома на прасоздавањето на светот, се организирани во согласност со еден изострено современ сензибилитет на ликовното соопштување. Авторот реагира на споменатите инспиративни појдовници како вистински претставник на XX век, како современик на научно-истражувачката иконосфера, како корисник на филмот и телевизијата, но едновремено и како жртва на технолошкиот напредок на човештвото. Оттаму се тие негови загадочно-асоцијативни бележења, кои откриваат сложени движења во процесите на создавањето и трансформациите, со паралелни последици во биосферата. Оттаму авторовата немоќ да им оддолее на постојаните еколошки ритмички пулсации на денешнината. Во овие ликовни предлози, древните пра, пра револуции на земјата и во вселената се зачинети со вкусот на нивните натамошни непрестајни менувања, за чиј непосреден виновник се смета човекот. Некогашните метаморфози се обединуваат со денешните, а се предлага и извесна футуристичка визија. На тој

начин, авторот сместува во еден простор различни времиња со што симултаноста на местото и времето се разидуваат.

Севкупната организација на претставата подразбира полиморфност на изразот. Флексибилниот карактер на композицијата, заснована на отворено-затворени ликовни сегменти, се темели на сложени стилски определби. Најчесто, асоцијативните, неконзистетните и разлеани облици се сместуваат во геометриски формации (рамки, екрани, решетки). Последниве создаваат надреална или научно-фантастична расположба, која е во непосредна органска врска со визуелниот амбиент на современието (телевизија, филм и сл.). Има случаи кога на цртежот непосредно егзистираат расплинати асоцијативни претстави, сфатени како макро структури (земја, вселена, ерупции, дејство на електро-магнетски сили или на космички енергии) и хиперреалистички детали познати од реалноста (школки, полжави, јајца, каменчиња, рибји скелети и сл.). Тие се прикажани на начин мошне близок на филмската постапка на диференцирање (аналитичко разбивање на делови кои после визуелно се интегрираат во синтетичка срцевина). Ако ваквото проседе го толкуваме како хетерогеност на стилот, ќе навлеземе неизбежно во еден вид анахронизам. За разлика од до неодамна важечките ликовни критериуми, денешната ликовна пракса ги прифаќа без осуда ваквите солуции, оправдувајќи ги со мошне популарната интермедијалност и со особеностите на припадниците на денешната трансавангардна уметност. Конечно, зошто и не би гледале благонаклонето на овие предлози? Право на уметникот е да се определи или за еден фрагментарен, чист и доследен ликовен допир со светот или за покомплексно едновремено опфаќање на повеќе негови појавности. Милјановски, во актот на ликовното снимање го користи и обичниот и широкоаголниот објектив на визијата. Општата компактност на делото, обединувањето на привидно некохерентните делови, се должи на минуциозно водената цртачка постапка. Моливот со кој се служи Милјановски остварува еден мек и топол допир со подлогата. Се има впечаток како овие два ликовни предуслови наеднаш да се создадени, во еден здив. Толку јасно е изразена нивната кохезиона сила. Моливите се употребуваат како сликарско четче не дозволувајќи ѝ на линијата премногу да се издвои од обликот, туку како невидлив елемент да го формира истиот. Благите и нежни движења на моливот оставаат не само црнобели туку и тонски траги врз подлогата. Така се добива своевидно сфумато во кое се топат не само облиците туку и строго дефинираните геометриски контури на решетките, екраните, квадратите, тубите и сл. Последниве постојат повеќе како лирска асоцијација на нешто реално на кое му се противиме, одошто како неминовна даденост. Оттаму овие чудни пејзажи ни го предлагаат оној еластичен простор, во кој и покрај заканата на постоечката рационална организација, се уште има место за суптилните и поетски игри на емоционалните ритмови. Во таа смисла, Милјановски, без патетичност и насилство, но со спокојство, такт, одмереност, занаетски коректно и професионално чесно ја припитомува геометријата.

Деликатната калиграфија на потезите го одредува оној ликовен адекват на животната стварност, во кој лирската еуфоричност докрај ја разголува емоционалноста како доминатна категорија.

Соња Абаџиева Димитрова

**ДОНЕ МИЛЈАНОВСКИ**

Роден во с. Статица (Костурско) 1941. Академија за применета уметност, отсек Текстил-Таписерија, завршил во Будимпешта 1967, кај професорите Золтан Ракоши и Карој Плесниви.
Студиско патување во Париз 1977.
Адреса: Булевар Партизански одреди 127-IV/9, Скопје 91000

**Самостојни изложби**

1977 Скопје, Уметничка галерија, 21. X — 7. XI

**Групни изложби**

1969 Скопје, XXIV есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 27. X — 12. XI

1970 Скопје, Моето сакано дело, Уметничка галерија, 8 — 28. II
Струга, Поезијата како инспирација, Ликовно-поетски салон на Струшките вечери на поезијата, VIII
Скопје, XXV јубилејна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 26. XI — 15. XII
Загреб, Изложба на СДЛУЈ

1971 Скопје, Изложба на предложени членови на ДЛУМ, 22. II — 3. III
Скопје, XXVI изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, XI — XII

1972 Скопје, Современи македонски уметници — Млада генерација II, Музеј на современата уметност, 27. IV — 29. V
Јаши, Пиатра Неамц (Романија), Современа македонска уметност, Централен изложбен салон, 28. IV — V, Пиатра Неамц, VI
Скопје, XXVII изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, XI — XII

1973/74 Скопје, XXIX традиционална есенска изложба, Уметничка галерија, 25. XII 1973 — 10. I 1974

1974 Куманово, Изложба на ДЛУК, Уметничка галерија, 11. XI
Скопје, 30 години ДЛУМ, Уметничка галерија, 28. XI — 28. XII
Скопје, Жената како инспирација на уметикот, Изложбен салон на Домот на ЈНА, 14 — 27. XII

1975 Скопје, Збратимени уметници, Центар за култура и информации, 8. I
Почитељ, Ликовна колонија Почитељ, VII — VIII
Бања Лука, VII есенски и I интернационален салон на ликовната уметност, Салони на Домот на културата, 25. XI — 25. XII
Скопје, Изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 28. XI — 28. XII

1975/76 Београд, Македонски млади уметници, Салон на Музејот на современата уметност, 12. XII 1975 — 12. I 1976

1976 Загреб, Изложба на македонските уметници во рамките на неделата на македонската култура во Загреб, Галерија Форум, 14 — 24. V
Скопје, Изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 25. XI — 25. XII
Скопје, Изложба на ДЛУМ — цртеж 76, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски“, 8 — 25. XII

1977 Скопје, Изложба на откупени уметнички дела од СИЗ на СРМ (1974—1975) Музеј на современата уметност, I
Београд. Изложба на таписерии од збирката „Ателје 61“, 8 — 22. II
Скопје, Изложба на македонски цртеж, Дом на младите „25 мај“, 20 — 30. IX
Скопје, XXXII изложба на ДЛУМ, Музеј на современата уметност, 4. XI — 4. XII
Скопје, Изложба на ДЛУМ — цртеж 77, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски“, 8 — 25. XII

1978 Бања Лука, Современа македонска уметност (од циклусот „Современа уметност на народите и народности на СФРЈ“, Дом на културата, 15 — 31. V
Струмица, XV Струмичка ликовна колонија, 1 — 20. VIII
Скопје, XXXIII изложба на ДЛУМ, Музеј на современата уметност, 1 — 25. XI

Скопје, Изложба на ДЛУМ — цртеж 78, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", 7 — 25. XII

1979 Прага (Чехословачка), Лајпциг (ДРГ), Будимпешта (Унгарија), Современа југословенска таписерија, керамика и стакло, I, II, V

Скопје, X графичка изложба на ДЛУМ, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", 9 — 25. V

Скопје, XXXIV годишна изложба на ДЛУМ, Музеј на современата уметност, 20. X — 5. XI

Пекинг (Кина), Современа југословенска таписерија, X

Братфорд (Англија) 10 современи македонски уметници, Картраит хол, 9 — 18. XI

Скопје, Изложба на ДЛУМ — цртеж 79, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", 6 — 18. XII

1979/80 Дубровник, Сараево, Љубљана, Приштина Београд, Скопје, 15 македонски ликовни уметници, Уметничка галерија, 22. VI — 20. VII 1979, Колегиум артистикум, 10 — 25. IX 1979, Модерна галерија, 2 — 20. X 1979, Дом на младите „Боро и Рамиз", 4 — 15. I 1980, Уметнички павилјон „Цвијета Зузориќ", 18. I — 4. II 1980, Музеј на современата уметност, 18. II — 2. III 1980

1980 Скопје, XI графичка изложба на ДЛУМ, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", 7 — 31. V

Скопје, Современа норвешка и македонска графика (од збирките на Музејот на современата уметност — Скопје), Центар за култура и информации, 26. V — 10. VI

Рим (Италија), 15 современи македонски уметници, Палацо дел експозиционе, 29. V — 10. VI

Охрид, Македонска таписерија, салон на Домот на НИП „Нова Македонија", 4 — 20. VII

Скопје, Современа македонска графика (од збирките на Музејот на современата уметност — Скопје), Музеј на современата уметност, 19. IX — 20. X

Скопје, ДЛУМ 35, Музеј на современата уметност, 26. XI — 31. XII

Скопје, Изложба на ДЛУМ — цртеж 80, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", 8 — 25. XII

1981 Скопје. XII графичка изложба на ДЛУМ, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", 26. VI — 8. VIII

Београд, V Традиционална изложба „НОБ и Револуцијата во делата на ликовните уметници на Југославија", Дом на ЈНА, VI — X

Скопје, XXXVI изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 27. XI — 25. XII

1981/82 Скопје, Куманово, Струмица, Тетово, Изложба на ДЛУМ — цртеж 81, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", 8 — 27. XII 1981, Уметничка галерија, 29. XII 1981 — 12. I 1982, Работнички универзитет „Јосиф Свештарот", 16 — 31. I 1982 Дом на културата, 5 — 17. II 1982

1982 Скопје, Прва изложба на Здружението на ТВ сценографите и костимографите на СФРЈ, Дом на ЈНА, 6 — 14. IV

Скопје, Куманово, Београд, XIII графичка изложба на ДЛУМ Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", 6 — 26. V, Уметничка галерија, 28. V — 7. VI, Галерија „Графички колектив", 14 — 28. VI

Риека, 8 Меѓународна изложба на оригинален цртеж, Модерна галерија, 8. VII — 15. X

Скопје, Современа македонска уметност (од збирките на Музејот на современата уметност — Скопје), Музеј на современата уметност, 21. VII — X

**Награди**

1976 Скопје, награда за цртеж на изложбата ДЛУМ — цртеж 76

**Done Miljanovski**

Born in Statica village (Kostursko) 1941. Graduated from the Academy of Applied Arts, section for textile and tapestry, in Budampest (Hungary) 1967 in the grade of the professors Zoltan Rakoshy and Karoj Plesnivy. Study travel to Paris 1977.
Address: Bulevar Partizanski odredi 127—IV/9, 91000 Skopje

**One — man exhibition**

1977 Skopje, Art Gallery »Skopje«, 21. X — 7. XI

**Group exhibitions:**

Participated in numerous group shows in the country and abroad:

DLUM (The Society of Macedonian Artists) exhibitions — Skopje 1969—1982, Kumanovo, Strumica, Tetovo 1982, Belgrade 1982, DLUK (The Society of Artists from Kumaonvo) exhibition — Kumanovo 1974, SDLUJ (The Association of Yugoslav Society of Artists) exhibition — Zagreb 1970.

Exhibitions of Macedonian Art in Belgrade 1975/76, 1980, Zagreb 1976, Skopje 1972, 1977, 1980, Banja Luka 1978, Dubrovnik 1979, Sarajevo 1979, Ljubljana 1979, Priština 1980, Ohrid 1980, Jashi and Piatra Neamt (Romania) 1972, Bradford (England) 1979, Rome (Italy) 1980.
Exhibitions of Yugoslav art in Skopje 1982, Belgrade 1981, Sarajevo 1982, Prague (Czechoslovakia) 1979, Laipzig (DDR) 1979, Budampest (Hungary) 1979, Peking (The People's Republic of China) 1979.

Also participated in international manifestations: »The First International Gallery of Fine Arts« in Banja Luka 1975 and »The Eight International Exhibition of Original Drawings« in Rijeka 1982.

Prize

1976 Skopje, The Prize for Drawings at the DLUM drawings — 76 exhibition.

**КАТАЛОГ**
**CATALOGUE**

1. **ЦРТЕЖ I, 1980**
DRAWING I
71 x 45
сигн. д. сред.: ДОНЕ 80
сопственост на МСУ, Скопје

2. **ЦРТЕЖ II, 1980**
DRAWING II
70,5 x 47
сигн. д. сред.: ДОНЕ 80

3. **ЦРТЕЖ III, 1980**
DRAWING III
70,7 x 55
сигн. д. д.: ДОНЕ 80
сопственост на др. Зоран Даниловиќ

4. **ТРИПТИХ, 1981**
TRIPTYCH
71 x 50
сигн. д. д.: ДОНЕ 81

5. **ИКАР, 1981**
ICARUS
76,5 x 57,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 81

6. **ЦРТЕЖ, 1981**
DRAWING
76,5 x 57,5
сигн. д д.: ДОНЕ

7. **КАМЕН I, 1981**
STONE I
71 x 50
сигн. д. д.: ДОНЕ 81

8. **ПЕЈЗАЖ I, 1981**
LANDSPACE I
71 x 53
сигн. д. д.: ДОНЕ 81

9. **ПЕЈЗАЖ II, 1982**
LANDSCAPE II
71 x 50
сигн. д. л.: ДОНЕ 82

10. **ПЕЈЗАЖ III, 1982**
LANDSCAPE III
71 x 50
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

11. **ПЕЈЗАЖ IV, 1982**
LANDSCAPE IV
71 x 50
сигн. д. сред.: ДОНЕ 82

12. **ПЕЈЗАЖ V, 1982**
LANDSCAPE V
71 x 50
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

13. **ПЕЈЗАЖ VI, 1982**
LANDSCAPE VI
71 x 50
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

14. **ПЕЈЗАЖ 1982**
LANDSCAPE
76,5 x 57,5
без сигн.

15. **ДРАПЕРИЈА I, 1928**
DRAPERY I
62 x 48,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

16. **ДРАПЕРИЈА II, 1928**
DRAPERY II
66 x 54,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

17. **СПОМЕНИК, I, 1982**
MONUMENT I
71 x 50
сигн. д. л.: ДОНЕ 82

18. **СПОМЕНИК II, 1982**
MONUMENT II
70 x 51
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

19. **СПОМЕНИК III, 1982**
MONUMENT III
71 x 50
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

20. **СПОМЕНИК IV, 1982**
MONUMENT IV
71 x 50
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

21. **ИГРА I, 1982**
GAME I
71 x 50
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

22. **ИГРА II, 1982**
GAME II
70,7 x 50
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

23. **ИГРА III, 1982**
GAME III
76,5 x 57,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

24. **ИГРА IV, 1982**
GAME IV
76,5 x 57,5
без сигн.

25. **ПРОСТОР I, 1982**
SPACE I
71 x 50
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

26. **ПРОСТОР II, 1982**
SPACE II
71 x 50
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

27. **ЦРТЕЖ Б1, 1982**
DRAWING B1
47,5 x 31,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

28. **ЦРТЕЖ Б2, 1982**
DRAWING B2
47,5 x 31,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

29. **ЦРТЕЖ Б3, 1982**
DRAWING B3
47,5 x 31,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

30. **ЦРТЕЖ Б4, 1982**
DRAWING B4
47,5 x 31,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

31. **ЦРТЕЖ Б5, 1982**
DRAWING B5
47,5 x 31,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

32. **ЦРТЕЖ Б6, 1982**
DRAWING B6
47,5 x 31,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

33. **ЦРТЕЖ Б7, 1982**
DRAWING B7
47,5 x 31,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

34. **ЦРТЕЖ Б8, 1982**
DRAWING B8
47,5 x 31,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

35. **ЦРТЕЖ Б9, 1982**
DRAWING B9
47,5 x 31,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

36. **ЦРТЕЖ Б10, 1982**
DRAWING B10
47,5 x 31,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

37. **КАМЕН II, 1982**
STONE II
71 x 50
сигн. д. сред.: ДОНЕ 82

38. **ПТИЦА, 1982**
BIRD
71 x 49,5
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

39. **РИБА, 1982**
FISH
71 x 49
сигн. д. д.: ДОНЕ 82

---

Сите цртежи се работени со молив на хартија
The drawings are made in pencil on paper.
Делата кај кои не е одбележена сопственост, му припаѓаат на авторот.
The rest of the works belong to the artist.

## БИБЛИОГРАФИЈА
## BIBLIOGRAPHY


1970 МОЕТО САКАНО ДЕЛО
Нова Македонија, Скопје, 19. II 1970

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
ДАЛЕКУ ОД ЧОВЕКОТ
Комунист, Скопје, 18. XII 1970

ДАМЈАНОВСКА, Љубица
ТРИ ЛИКОВНИ ИЗЛОЖБИ
Културен живот, Скопје, XII 1970, 10

1971 АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
НА РАБОТ НА ИЗВЕСНОСТА
Комунист, Скопје, 12. III 1971

ДАМЈАНОВСКА Љубица
ПОЧЕТОКОТ НА ЕСЕНСКАТА ЛИКОВНА СЕЗОНА
Културен живот, Скопје, IX 1971, 7—8

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
НА РАБОТ НА ПРОСЕЧНОСТА
Комунист, Скопје, 10. XII 1971

1972 МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ ВО РОМАНИЈА
Вечер, Скопје, 11. IV 1972

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
ВРСНИЦИТЕ ЈАВААТ ВО НАСОКА НА ФИГУРАТИВНОТО
Комунист, Скопје, 27. IV 1972

ШИРИЛОВ, Ташко
ВО ПОСТОЈАН ПОДЕМ
Вечер, Скопје, 29, 30. IV и 1, 2. V 1972

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
МЛАДА ГЕНЕРАЦИЈА
Нова Македонија, Скопје, 14. V 1972

МУСОВИЌ, Богдан
УМЕТНОСТА НА МЛАДАТА ГЕНЕРАЦИЈА
Млад борец, Скопје, 22. V 1972

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
ЗА МЛАДАТА ГЕНЕРАЦИЈА НА СОВРЕМЕНИ МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ
Современост, Скопје, V 1972, 5

ШИРИЛОВ, Ташко
ПОДЕМ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО СТРАНСТВО
Вечер, Скопје, 28. XI 1972

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
СКРЖАВО ПРЕТСТАВУВАЊЕ
Комунист, Скопје, 8. XII 1972

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
(ПРЕДГОВОР) In: Млада генерација II. Каталог. Скопје, Музеј на современата уметност, 1972

1973 АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
НАДМОЌТА НА МЛАДИТЕ
Нова Македонија, Скопје, 3. I 1973

АБАЏИЕВА Соња
(ИСКАЖУВАЊЕ) In: КОЈ НАСТАН, ДЕЛО ИЛИ ЛИЧНОСТ?
Нова Македонија, Скопје, 7. I 1973

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
КОНТИНУИРАН ПОДЕМ
Комунист, Скопје, 26. I 1973

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
ИНТЕНЗИВЕН РАСТЕЖ
Современост, Скопје, I 1973, 1

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
НАДМОЌТА НА МЛАДИТЕ
Современост, Скопје, I 1973, 1

ABADŽIEVA DIMITROVA, Sonja
IZLOŽBA DRUŠTVA LIKOVNIH UMETNIKA MAKEDONIJE
Umetnost, Beograd, I—III 1973, 33

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
СЛЕДБЕНИЦИ НА БРЕТОН ВО МАКЕДОНСКОТО СЛИКАРСТВО
Разгледи, Скопје XI 1973, 9

**ДАМЈАНОВСКА, Љубица**
**СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ТАПИСЕРИЈА**
**Ликовна уметност, Скопје, 1973, 1**

ДАМЈАНОВСКА, Љубица
(ПРЕДГОВОР) In: Димче Коцо. Каталог. Скопје, Музеј на современата уметност, 1973

1974 ГИЛЕВСКИ, Паскал
РАСКОШНА ГРАНКА ОД СТИЛОВИ
Нова Македониј, Скопје, 31. I 1974

АБАЦИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
ГОДИШНА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ
Современост, Скопје, III 1974, 3

МУСОВИЌ, Богдан
ПО ПОВОД ГОДИШНАТА ИЗЛОЖБА НА ДЛУК
Наш весник, Куманово, 22. XI 1974

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
СПЕКТАР ОД ЛИКОВНИ НАСОЧЕНОСТИ
Нова Македонија, Скопје, 8. XII 1974

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
ВРЕДЕН ПОТФАТ
Нова Македонија, Скопје, 12. XII 1974

ГИЛЕВСКИ, Паскал
МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ ВАРИЈАНТИ
Вечер, Скопје, 14. XII 1974

РАДИЧЕСКИ, Науме
ИЗЛОЖБА „ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ДЛУМ"
Студентски збор, Скопје, 17. XII 1974

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
БЛИСКА ТЕМАТСКА ПРЕОКУПАЦИЈА
Нова Македонија, Скопје, 21. XII 1974

1975 ТРАДИЦИОНАЛНА ИЗЛОЖБА „ЗБРАТИМЕНИ УМЕТНИЦИ"
Вечер, Скопје, 9. I 1975

Ш(ИРИЛОВ), Т(ашко)
МИЛЈАНОВСКИ И МАЛИДИНОВ НА КОЛОНИЈАТА ВО ПОЧИТЕЉ
Вечер, Скопје, 25. VI 1975

М(АНЕВСКИ), М(иле)
СМОТРА НА ЕДНОГОДИШНИТЕ ЛИКОВНИ ОСТВАРУВАЊА
Нова Македонија, Скопје, 27. XI 1975

Ш(ИРИЛОВ), Т(ашко)
ИЗЛОЖБА НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ ОД СРМ
Вечер, Скопје, 3. XII 1975

ПОКАНА
Вечер, Скопје, 11. XII 1975

М. Ж.
СУСРЕТ СА МЛАДИМ МАКЕДОНСКИМ УМЕТНИЦИМА
Политика, Београд, 12. XII 1975

МЛАДИ СЛИКАРИ ИЗ МАКЕДОНИЈЕ
Политика Експрес, Београд, 13. XII 1975

М(АНЕВСКИ), М(иле)
ИЗЛОЖБА НА МЛАДИ МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ
Нова Македонија, Скопје, 13. XII 1975

ВЕЛИЧКОВСКИ, В(ладимир)
ПОЧЕТОК ШТО ВЕТУВА
Нова Македонија, Скопје, 14. XII 1975

МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ ВО БЕЛГРАД
Вечер, Скопје, 22. XII 1975

ТРАДИЦИЈА И ДУХ НОВЕ ФИГУРАЦИЈЕ
Борба, Београд, 30. XII 1975

**ДАМЈАНОВСКА, Љубица**
**(ПРЕДГОВОР) In: VII Jesenji internacionalni i I salon likovne umjetnosti.**
**Каталог. Banja Luka, 1975**

**DAMJANOVSKA, Ljupka**
**(ПРЕДГОВОР)In: Makedonski umetnici posle 1970.**
**Каталог. Beograd, Muzej savremene umetnosti, 1975**

1976 В(АСИЋ), П(авле)
СУСРЕТ СА МЛАДИМ МАКЕДОНСКИМ УМЕТНИЦИМА
Политика, Београд, 10. I 1976

**КЛИМАН, Алдо**
**ТАПИСЕРИИТЕ НА ДОНЕ МИЛЈАНОВСКИ**
**Современост, Скопје, I 1976, 1**

МАНЕВСКИ, Миле
БОГАТ ЛИКОВЕН ЖИВОТ
Македонија, Скопје, I 1976, 273

НА ТЕМЕЉИМА ПОДВРЂЕНИХ ВРЕДНОСТИ
Борба, Београд, 5. II 1976

УЧЕСНИК
Вечер, Скопје, 17. II 1976

**Kliman, Aldo**
**GOVOR TKANINE**
**Mladost, Beograd, 1. X 1976**

PETKOVSKI, dr Boris
NAGLAŠENA INDIVIDUALNOST
Oko, Zagreb, 2—16. XII 1976

МАН(ЕВСКИ), М(иле)
ДЕЛА ОД СЕДУМДЕСЕТМИНА УМЕТНИЦИ
Нова Македонија, Скопје 3. XII 1976

КЛЕТНИКОВ, Ефтим
„НА ПОЧЕТОКОТ БЕШЕ ЦРТЕЖ"
Млад борец, Скопје, 15. XII 1976

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ПОДЕМ НА МАКЕДОНСКИОТ ЦРТЕЖ
Вечер, Скопје, 25. XII 1976

ВЕЛИЧКОВСКИ, В(ладимир)
НЕШТО ТРЕБА ДА СЕ МЕНУВА
Нова Македонија, Скопје, 26 XII 1976

РАДИЧЕВСКИ, Науме
ДОСТОЈНА КРЕАЦИЈА
Студенски збор, Скопје, 28. XII 1976

ВЕЛИЧКОВСКИ, В(ладимир)
ЦРТЕЖ И НЕШТО ПОВЕЌЕ
Нова Македонија, Скопје, 28. XII 1976

БАРЏИЕВА, Кица
КОН ТРАДИЦИОНАЛНАТА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ — „ДЛУМ 76"
Стремеж, Прилеп, XII 1976, 10

1977 ТАПИСЕРИИ
Вечер, Скопје, 31. III 1977

ADANJA, Katarina
TAPISERIJE I ZBIRKE »ATELJE 61«
Umetnost, Beograd, III—IV 1977, 52—53

Ш(ИРИЛОВ), Т(ашко)
МЛАДА ГЕНЕРАЦИЈА III
Вечер, Скопје, 17. IX 1977

Ш(ИРИЛОВ), Т(ашко)
ГРАФИКИТЕ НА БРАУЕР
Вечер, Скопје, 21. IX 1977

ИЗЛОЖБА НА ЦРТЕЖИ
Вечер, Скопје, 22. IX 1977

ОТВОРЕНА ГАЛЕРИЈА НА ЦРТЕЖИ
Нова Македонија, Скопје, 23. IX 1977

**ТАПИСЕРИИТЕ НА ДОНЕ МИЛЈАНОВСКИ**
**Нова Македонија, Скопје, 21. X 1977**

ТАПИСЕРИИ ОД ДОНЕ МИЛЈАНОВСКИ
Вечер, Скопје, 22. X 1977

**ШИРИЛОВ, Т(ашко)**
**ТАПИСЕРИИ НАЛИКУМ НА ФРЕСКИ**
**Вечер, Скопје, 25. X 1977**

**ВЕЛИЧКОСКИ, Владимир**
**НЕ САМО ДЕКОРАТИВНО**
**Нова Македонија, Скопје, 30. X 1977**

**ДИРЈАН, Лилјана**
**КАКО РАСТЕ ФЛОРАТА**
**Студентски збор, Скопје, 1. XI 1977**

Ш(ИРИЛОВ), Т(ашко)
ГИГАНТСКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ
Вечер, Скопје, 3. XI 1977

М(АНЕВСКИ), М(иле)
МАСОВНИ ИЗЛОЖБИ НА ДЛУМ
Нова Македонија, Скопје, 4. XI 1977

**ГИЛЕВСКИ, Паскал**
**СУПТИЛНА ТАПИСЕРИЈА**
**Вечер, Скопје, 5. XI 1977**

**КЛЕТНИКОВ, Ефтим**
**ХАРМОНИЈА ОД ОБОЕНИ СОЗВУЧЈА**
**Млад борец, Скопје, 9. XI 1977**

ПРОДОЛЖЕНА
Вечер, Скопје, 11. XI 1977

КЛЕТНИКОВ, Е(фтим)
БЕЗ ПРИНЦИП НА СЕЛЕКЦИЈА
Млад борец, Скопје, 16. XI 1977

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
НАЈЦЕЛОСНО ПРЕЗЕНТИРАЊЕ
Нова Македонија, Скопје, 20. XI 1977

КЛЕТНИКОВ, Ефтим
ЦРТЕЖОТ ИМА ЗБОР
Млад борец, Скопје, 21. XII 1977

**ДАНИЛОВИЌ, ВЕРА**
**(ПРЕДГОВОР) In: Доне Милјановски, Каталог**
**Скопје, Уметничка галерија, 1977**

МУСОВИЌ, Богдан
(ПРЕДГОВОР) In: Млада генерација III. Каталог.
Скопје, Музеј на современата уметност, 1977

1978 **(ИСКАЖУВАЊЕ) In: КАКО РАСТЕ МЕТАФОРАТА**
**Македонија, Скопје, I 1978, 297**

ЗАДАЧА
Вечер, Скопје, 28. III 1978

ВО ДУХОТ НА ИЛИНДЕН
Нова Македониј, Скопје, 29. VII 1978

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ПРОБИВ НА ЦРТЕЖОТ
Вечер, Скопје, 9. XII 1978

КОЧОСКИ, В.
ТРАДИЦИЈА ВО КОМУНИЦИРАЊЕТО СО ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ
Нова Македонија, Скопје, 10. XII 1978

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
НАГЛАСЕНО ПРИСУСТВО НА ФИГУРАЦИЈАТА
Стремеж, Прилеп, XII 1978, 10

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ТОЛКУВАЊЕ НА УМЕТНОСТА
Скопје, Македонска книга, 1978

1979 АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
СЕНЗИБИЛНАТА СТРУКТУРА НА ЦРТЕЖОТ
Комунист, Скопје, 1. I 1979

МУСОВИЌ, Богдан
ДЛУМ — ЦРТЕЖ — 1978
Млад борец, Скопје, 1. I 1979

МУСОВИЌ, Богдан
СТРУМИЧКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА
Нова Македонија, Скопје, 14. II 1979

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
НОВИ, СВЕЖИ ИМПУЛСИ НА ЦРТЕЖОТ
Стремеж, Прилеп, II 1979, 2

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
СЕНЗИБИЛНАТА СТРУКТУРА НА ЦРТЕЖОТ
Современост, Скопје, IV 1979, IV

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ГРАФИЧКО БОГАСТВО
Вечер, Скопје, 12. V 1979

МУСОВИЌ, Богдан
ТРИ ГРАФИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ
Нова Македонија, Скопје, 10. VI 1979

Ѓ(УРОБСКА), С(офија)
„ПЕТНАЕСЕТ СОВРЕМЕНИ МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ“
Нова Македодија, Скопје, 21. VI 1979

BAUTOVIĆ, A.
SUVREMENO MAKEDONSKO LIKOVNO STVARALAŠTVO
Slobodna Dalmacija, Split, 27. VI 1979

VASEVA DIMESKA, Viktorija
LETNA RAZSTAVA »DLUM« — RIZBA '77«
Sinteza, Ljubljana, VI 1979, 45—46

15 МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ
Вечер, Скопје, 4. VII 1979

А(БАЏИЕВА) ДИМИТРОВА, Соња
МЕЃУРЕПУБЛИЧКО ПРОНИКНУВАЊЕ
Комунист, Скопје, 6. VII 1979

M. K.
SAVREMENA MAKEDONSKA UMJETNOST
Sarajevske novine, Sarajevo, 16, VIII 1979

ИЗЛОЖБА: „15 СОВРЕМЕНИ МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ“
Нова Македонија, Скопје, 18. VIII 1979

AGIĆ, N.
OTVOREN STVARALAČKI DIJALOG
Oslobođenje, Sarajevo, 28. VIII 1979

AGIĆ, N.
SAVREMENI MAKEDONSKI UMJETNICI
Oslobođenje, Sarajevo, 10. IX 1979

ИЗЛОЖБА: СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА УМЕТНОСТ
Нова Македонија, Скопје, 12. IX 1979

СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА УМЕТНОСТ ВО САРАЕВО
Вечер, Скопје, 12. IX 1979

ЈЕДИНСТВО ЛИЧНОСТИ И СВЕТА
Борба, Београд, 12. IX 1979

SLIKE I SKULPTURE MAKEDONSKIH UMJETNIKA
Sarajevske novine, Sarajevo, 12. IX 1979

САВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА УМЕТНОСТ
Дневник, Нови Сад, 12. IX 1979

САВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА УМЕТНОСТ
Јединство, Приштина, 12. IX 1979

I.
MAKEDONSKI UMJETNICI IZLAŽU U SARAJEVU
Vjesnik, Zagreb, 14. IX 1979

HOZO, Dževad
JEDINSTVO LIČNOSTI I SVIJETA
Oslobođenje, Sarajevo, 15. IX 1979

MIKULIĆ, Planinka
TRI GENERACIJE
Odjek, Sarajevo, 15. IX 1979

ЂУРИЋ, М.
ПРВЕ ЛАСТЕ НОВЕ СЕЗОНЕ
Политика, Београд, 19. IX 1979

ЃУРОВСКА, С(офија)
ИЗЛОЖБИ ВО ЛОНДОН И БРАТФОРД
Нова Македонија, Скопје, 12. X 1979

J. П.
МАКЕДОНСКА УМЈЕТНОСТ У ЛОНДОНУ И БРАДФОРДУ
Побједа, Титоград, 17. X 1979

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
СКРОМЕН НО ЗНАЧАЕН ЈУБИЛЕЈ
Разгледи, Скопје, X—XI 1979, 8—9

ЛАЗАРОВ, Ристо
СРДЕЧЕН И ТОПОЛ ПРИЕМ
Комунист, Скопје, 16. XI 1979

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
СУШТИНСКА ПРЕОБРАЗБА НА ГРАФИЧКИОТ ИЗРАЗ
Современост, Скопје, XI—XII 1979, 9—10

**VASEV DIMESKA, Viktorija**
**(ПРЕДГОВОР) In: 15 Savremenih makedonskih likovnih umetnika. Каталог.**
**Skopje, Muzej na sovremenata umetnost, 1979**

ABADŽIEVA DIMITROVA, Sonja
(ПРЕДГОВОР) In: 10 Contemporary macedonian artists. Каталог.
Skopje, Museum of modern art, 1979

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
(ПРЕДГОВОР) In: Цртежот е самостојна ликовна дисциплина. Каталог.
Скопје, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", 1979

ДАМЈАНОВСКА, Љубица
(ПРЕДГОВОР) In: Современа македонска графика. Каталог.
Скопје, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", 1979

1980 ИЗЛОЖБА НА 15 МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ
Нова Македонија, Скопје, 5. I 1980

ИЗЛОЖБА МАКЕДОНСКИХ УМЈЕТНИКА
Oslobođenje, Sarajevo, 5. I 1980

ИЗЛОЖБА МАКЕДОНСКИХ УМЕТНИКА
Јединство, Приштина, 5. I 1980

Д. М.
ИЗЛАЖУ МАКЕДОНЦИ
Политика Експрес, Београд, 6. I 1980

Д. Д.
МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ ВО ПРИШТИНА
Вечер, Скопје, 7. I 1980

ХАДЕРЂОНАЈ, С.
МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ У ПРИШТИНИ
Борба, Београд, 7. I 1980

МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ У ПРИШТИНИ
Политика, Београд. 7. I 1980

ИЗЛОЖБА МАКЕДОНСКИХ СЛИКАРА
Побједа, Титоград, 7. I 1980

ИЗЛОЖБА МАКЕДОНСКИХ УМЕТНИКА
Дневник, Нови Сад, 7. I 1980

ЂУЗА, Петар
ЛИКОВНИ ТРЕНУТАК МАКЕДОНИЈЕ
Јединство, Приштина, 12. I 1980

SODOBNA MAKEDONSKA UMETNOST
Delo, Ljubljana, 15. I 1980

ПЕТНАЕСЕТ МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ
Нова Македонија, Скопје, 18. I 1980

Д. Г.
ТРИ ГЕНЕРАЦИЈЕ
Политика Експрес, Београд, 18. I 1980

КУЗ(МАНОВСКИ), Р(исто)
ОТВОРЕНА ИЗЛОЖБАТА „15 МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ"
Нова Македонија, Скопје, 20. I 1980

ВАСИЉКОВИЋ, Коста
ТРАГАЊЕ ЗА БИТНИМ
Комунист, Београд, 1. II 1980

ТРИ ГЕНЕРАЦИЈЕ
ТВ Новости, Београд, 1. II 1980

ВАСИЋ, П(авле)
ЗАЈЕДНИШТВО ДУХА И ТЕЖЊИ
Политика, Београд. 5. II 1980

КУСОВАЦ, Никола
ЧАСНО МЕСТО
Политика Експрес, Београд, 7. II 1980

РАДИЧЕСКИ, Н(ауме)
ТАПИСЕРИИТЕ НА ДУШКО СТОЈАНОВСКИ
Студентски збор, Скопје, 15. II 1980

М(АНЕВСКИ), М(иле)
ОСУМДЕСЕТ ПОДАРЕНИ ДЕЛА
Нова Македонија, Скопје, 15. II 1980

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ПЕТНАЕСЕТМИНАТА
Вечер, Скопје, 21 II 1980

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
МЕЃУРЕПУБЛИЧКО ПРОНИКНУВАЊЕ
Современост, Скопје, II 1980, 2

БАКЕВСКИ, Петре
КАТАЛОГ
Вечер, Скопје, 1. III 1980

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
ИЗВЕСНА СТИЛСКА И ВРЕДНОСНА ХЕТЕРОГЕНОСТ
Нова Македонија, Скопје, 2. III 1980

КОЛОРИТ
Вечер, Скопје, 17. V 1980

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ГРАФИЧКИ ИЗНЕНАДУВАЊА
Вечер, Скопје, 3. VI 1980

ПАВЛОВИЋ, Милика
ИГРЕ БЕЗ ГРАНИЦЕ
Побједа, Титоград, 5. VI 1980

ВУКОБРАТОВИЋ, Драган
МАЈСКИ АПЛАУЗИ ЈУГОСЛОВЕНИМА
Борба, Београд, 7. VI 1980

ВЕЛИЧКОВСКИ, В(ладимир)
ПОНЕКОЕ БРАНЧЕ НА МИРНАТА ПОВРШИНА
Нова Македонија, Скопје, 13. VI 1980

ГИЛЕВСКИ, Паскал
МАКЕДОНСКИ И НОРВЕШКИ ГРАФИКИ
Вечер, Скопје, 13. VI 1980

А(БАЏИЕВА) ДИМИТРОВА, Соња
СУДИР НА ВРВНИ И ПОТПРОСЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ
Комунист, Скопје, 27. VI 1980

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
КАКО И СО ШТО ДА СЕ ПРЕЗЕНТИРАМЕ?
Разгледи, Скопје, VI 1980, 6

З(ОЈЧЕВСКА), Ц(ветанка)
ИЗЛОЖБА НА ТАПИСЕРИИ
Вечер, Скопје, 6. VII 1980

НЕДЕЛКОВСКА, Лилјана
XI ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ
Разгледи, Скопје,, IX 1980, VII

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
ГОДИШНИОТ БИЛАНС НА ДЛУМ
Комунист, Скопје, 12. XII 1980

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ЦРТАЧКИ АСПЕКТИ
Вечер, Скопје, 26. XII 1980

МУСОВИЌ, Богдан
НОВА ДИМЕНЗИЈА НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ
Нова Македонија, Скопје, 28. XII 1980

1981 АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
ПОДЕМОТ И АКТУЕЛНОСТА НА ЦРТЕЖОТ
Комунист, Скопје, 9. I 1981

НОВА ТЕХНИКА
Вечер, Скопје, 4. II 1981

ПАВЛИЧИЋ, З.
ИЗЛОЖБА МАКЕДОНСКЕ ГРАФИКЕ
Јединство, Приштина, 22. V 1981

НАНЕВСКИ, Душко
ЈАЗИКОТ НА ИНСПИРАЦИЈАТА
Нова Македонија, Скопје, 24. V 1981

Д. Д.
ИЗЛАГААТ МАКЕДОНСКИ ГРАФИЧАРИ
Нова Македонија, Скопје, 12. VI 1981

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
ПАНОРАМА НА МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
Разгледи, Скопје, VI 1981, 6

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
ЗА 12. ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ ВО НУБ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" — СКОПЈЕ
Современост, Скопје, IX 1981, 7

ВЕЛИЧКОВСКИ Владимир
БЕЗ СЕЛЕКЦИЈА
Нова Македонија, Скопје, 9. XII 1981

ПЕТКОВСКИ, Борис
СОВРЕМЕНО МАКЕДОНСКО СЛИКАРСТВО
Скопје, Македонска ревија, 1981

1982 А(БАЏИЕВА) ДИМИТРОВА, Соња
РАЗЛИЧНИ ОСТВАРУВАЊА
Комунист, Скопје, 15. I 1982

В. С.
ИЗЛОЖБА ОД СЦЕНОГРАФИ И КОСТИМОГРАФИ
Вечер, Скопје, 5. IV 1982

Ѓ(УРОВСКА), С(офија)
ИЗЛОЖБА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ТВ СЦЕНОГРАФИ И КОСТИМОГРАФИ
Нова Македонија, Скопје, 6. IV 1982

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ГРАФИЧКИ ИНОВАЦИИ
Вечер, Скопје, 12. V 1982

Ш(ИРИЛОВ), Т(ашко)
ПРЕТСЕДАТЕЛ ДРАГУТИН АВРАМОВСКИ-ГУТЕ
Вечер, Скопје, 7. VI 1982

Ѓ(УРОВСКА), С(офија)
АФИРМАЦИЈА НА ЛИКОВНАТА МИСЛА
Нова Македонија, Скопје, 8. VI 1982

БАРИШИЌ, Ладислав
ГРАФИКАТА НЕ Е МАСОВНА ПОЈАВА
Екран, Скопје, 11. VI 1982

---

Библиографските единици отпечатени со мрсни букви се однесуваат на позначајните статии за уметникот.

## РЕПРОДУКЦИИ
## REPRODUCTIONS















издавач: музеј на современата уметност, скопје
главен и одговорен уредник: соња абаџиева димитрова
предговор: соња абаџиева димитрова
организација на изложбата: соња панчевска
подготовка на каталогот: марика бочварова
библиографија: леандра петрова и марика бочварова
печатница: графички завод „гоце делчев“, скопје
тираж: 500

publisher: museum of contemporary art, skopje
editor-in-chief: sonja abadžieva dimitrova
preface: sonja abadžieva dimitrova
organization of the exhibition: sonja pančevska
catalogue and biographycal data: marika bočvarova
bibliography: leandra petrova and marika bočvarova
printed by »goce delčev«, skopje
500 copies